




# Зоџи и ракетни фрлачи украдени од Еурокомпозит, дознава Телма. Работниците се сомневаат дека кражбата ја врши некој од фабриката

07.10.2021 20:18 175



Според информациите до кои дојде Телма, при кражбата во Еурокомпозит во Прилеп се украдени и боеви ракетни фрлачи.

Станува збор за четири боеви рачни ракетни фрлачи „ПОС 120мм“ без муниција, еден школски рачен ракетен фрлач од истиот тип „ПОС 120мм“, една школска „зоџа“ и 4 кабли во должина од 40 метри. Украденото оружје претходно се извезувало по нарачка во Србија.

Слични информации спомнаа и работниците на Еурокомпозит кои по кражбата давааа изјави за медиумите пред фабриката која повеќе од две години не функционира. Тие наведоа дека украденото оружје се користи за уништување на оклопни возила.

- Ние се сомневаме дека раководството на фабриката ги прави овие кражби. Затоа што обични граѓани ниту знаат каде се магацините ниту како да стигнат до нив. Се работи за зграда во која е влезено на први и на трети спрат, токму таму каде што е оружјето. Во фабриката се уште има оружје и муниција, има репроматеријали, има огромни штети направено, изјави Роберт Богданоски, вработен во Еурокомпозит.

Пред кражбата никој не ја чувал фабриката која е празна и е во државна сопственост, но откако дел од арсеналот е ограбен во периодот меѓу 3-ти и 5-ти октомври сега таму е поставена полициска заштита.

Работниците на Еурокомпозит неколкупати штрајкуваа барајќи исплата на заостанати плати и придонеси.

© 2020 Телевизија Телма. Сите права се задржани. Овој текст не смее да се печати или емитува, во целина или во делови, без договор со Телевизија Телма.

Прочитај повеќе linker


Како ЛЕГАЛНО да заработиш! Провери пред банките да го блокираат ова!


Дали сакате да имате 150 илјади евра на вашата сметка? Програма за заработка во домот


Отстранете ја маснотијата еднаш засекогаш. Само треба да ги користите најдобрите согорувачи на масноти ...!

0

ПОВРЗАНИ СОДЖИНИ


Вести во живо 21.30 – 07.10.2021


Кандидатот за градоначалник на ВМРО-ДПМНЕ за Куманово, актерот Тони Михајловски, позитивен на коронавирус


МЕПСО: „У Пауер“ не ни должи за набавената електрична енергија




СКОРЕШНИ НАПИСИ

ФОТО галерија: Ракометарките поразени од Црна Гора

Митинг на ВМРО-ДПМНЕ во Валандово

Митинг на СДСМ во Штип

Вести во живо 21.30 – 07.10.2021

Митинг на Алијанса за Албанците и Алтернатива во Сарај

НАЈЧИТАНИ


Вести, Македонија, Топ вести
Зоџи и ракетни фрлачи украдени од Еурокомпозит, дознава Телма. Работниците се сомневаат дека кражбата ја врши некој од фабриката
Според информациите до кои дојде Телма, при кражбата во Еурокомпозит во При...


Вести, Македонија, Топ вести
Човек со лажен пиштол се шетал низ трговскиот центар Бисер, уапсен е
Приведен е човекот кој денеска со пиштол се шеташе низ ТЦ Бисер во населбат...


Македонија, Најважни
Бугарите ќе влезат во Уставот пред да станеме земја членка на ЕУ, реципроцитет нема да се бара
Уставот во моментов нема да се отвори. Тоа може да се направи само непосред...


Македонија, Најважни
МЕПСО: „У Пауер“ не ни должи за набавената електрична енергија
„У Пауер" чиј сопственик е Аријанит Џафери, не е должник на МЕПСО за ангажи...



ТЕЛЕВИЗИЈА ТЕЛМА
Ул. Никола Парапунов 51
1000 Скопје Република Македонија
Тел. (+389 2) 307 66 77
Факс. (+389 2) 3077 279
e-mail: Telma@telma.com.mk

@2020 - telma.com.mk. All Right Reserved. Designed and Developed by UNET